Врз основа на член 14 став (1) од Законот за рибарство и аквакултура („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр, 64/24), како и Одлуката за распишување на Јавен повик за доделување на користење на рибите и другите водни организми од риболовните подрачја „Вардар – горно течение“, „Вардар – средно течение“, „Вардар – долно течение“, „Треска“, „Црн Дрим“, „Црна Река“, “Брегалница“, „Пчиња“ и „Охридско Езеро“ број 02-11391/1 од 18.11.2024 година донесена од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, се објавува

ЈАВЕН ПОВИК 2/2024

за доделување на користење на рибите и другите водни организми од риболовни подрачја за организирање рекретивен риболов

## I *ПРЕДМЕТ*

Доделувањето на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекретивен риболов се однесува на рекреативните зони од риболовните подрачја:

1. Риболовно подрачје „Вардар – горно течение“

1.1. Рекреативна зона „Вардар - Гостиварска“, која го опфаќа течението на реката Вардар и тоа од изворот до мостот на село Волковија, реките: Равенска Река, Лакавичка Река со притоките (Симничка Река, Бигорска Река, Падалишка Река, Трновска Река и Река Мелца), Река Маздрача, Боговинска Река, Улеверичка Река, Река Јахорка и водите од изворите во село Чегране. Во оваа рекреативна зона не спаѓаат деловите од тековите на реките кои се наоѓаат на територијата на Националниот парк Шар Планина и

2. Риболовно подрачје „Вардар – средно течение“

2.1. Рекреативна зона „Вардар - Скопска“, која го опфаќа течението на реката Вардар од дрвениот мост над село Радуша до влив на реката Пчиња, реката Лепенец од границата со Република Србија до влив во реката Вардар, реката Треска од истекот на браната на акумулација Матка до вливот во реката Вардар, Маркова Река, Моранска Река и Кадина Река во целото течение, како и водната површина на езерцата во Градски парк во градот Скопје и

2.2. Рекреативна зона „Вардар – Велешка“, која го опфаќа течението на реката Вардар од вливот на реката Пчиња во реката Вардар до вливот на Црна Река во реката Вардар, реката Отовица во цело течение, целото течение на реките Тополка и Бабуна од изворот до вливот во реката Вардар со притоките, дел од течението на Црна Река од истекот на браната на Тиквешкото Езеро до вливот во реката Вардар и делот на реката Брегалница од село Убого до вливот во реката Вардар.

3. Риболовно подрачје „Вардар – долно течение“

3.1. Рекреативна зона „Вардар - Гевгелиска", која го опфаќа течението на реката Вардар од вливот на Кованска Река до границата со Република Грција, вклучително и Кованска Река и сите останати поголеми и помали притоки на овој дел од текот на реката Вардар и водната површина на акумулацијата Паљурци.

4. Риболовно подрачје „Треска"

4.1. Рекреативна зона „Треска - Кичевски", која го опфаќа делот од реката Треска од изворот до мостот на патот кој води од Кичево до село Пласница (мостот е граница) со сите притоки на реката во тој дел од текот и водната површина на акумулацијата Осломеј и

4.2. Рекреативна зона „Треска - Бродски", која го опфаќа делот од реката Треска од мостот на патот кој води од Кичево кон село Пласница (мостот е граница) до вливот на Тажевска Река со сите притоки на реката Треска во тој дел.

5. Риболовно подрачје „Црн Дрим"

5.1. Рекреативна зона "Црн Дрим и акумулација Глобочица", која го опфаќа течението на реката Црн Дрим од истекот од Охридското Езеро со притоките, освен делот кој е определен како риболовна зона, водните површини на ледничките езера Подгоречко Езеро, Вевчанско Езеро, Горно Лабунишко Езеро и Долно Лабунишко Езеро, како и водната површина на акумулацијата Глобочица.

6. Риболовно подрачје „Црна Река"

6.1. Рекреативна зона "Црна Река - Битолска", која го опфаќа делот на Црна Река од мостот на регионалниот пат Прилеп - Битола до 2 km пред вливот на реката Сатока во Црна Река и сите притоки кои се влеваат во Црна Река во овој дел, вклучително и река Сатока, како и акумулациите на тој дел Пелистер, Ротино, Трново, Црнеец, Тулана, Братин дол, РЕК, Доброени, Дедебалци, Брод, Гнеотино, Ергела, Живојно, Маково и Лисолај.

7. Риболовно подрачје „Брегалница"

7.1. Рекреативна зона „Брегалница - Виничка", која го опфаќа делот на реката Брегалница од истекот на браната на акумулацијата Калиманци до мостот на регионалниот пат Виница - Кочани, со сите притоки во овој дел од текот на Брегалница, вклучувајќи ја и река Осојница со притоките и водните тела на акумулациите Блатечки Брани и Трсија;

7.2. Рекреативна зона „Брегалница - Штипска", која го опфаќа делот од реката Брегалница од вливот на Злетовска Река до селото Убого со сите притоки во овој дел од текот на Брегалница освен Злетовска Река и

8. Риболовно подрачје „Пчиња"

8.1. Рекреативна зона „Пчиња - Кумановска", која го опфаќа течението на реката Пчиња од македонско – српската граница до Ново Село, со притоките Река Бистрица, Драгоманска Река, Река Кумановка, Река Петрошница и Река Лука и нивните притоки во целото течение, реката Липковка од браната Липково до вливот во река Пчиња, Кратовска Река, Крива Река со сите притоки, од вливот на Кратовска Река во Крива Река до вливот на Крива Река во река Пчиња и

8.2. Рекреативна зона „Пчиња - Скопска", која го опфаќа течението на реката Пчиња од Ново Село до вливот во Река Вардар со сите притоки на тој дел, вклучително и водната површина на езерцата во месноста Бадар.

9. Риболовно подрачје „Охридско Езеро"

9.1. Рекреативна зона „Охридско Езеро", која го опфаќа делот на Охридското Езеро кој припаѓа на територијата на Република Северна Македонија, каналот Студенчишта како и Коселска Река, Велгошка Река, реките Черава и Сатеска и нивните притоки, освен деловите на водната површина на езерото определени како риболовни зони, изворите кај „Свети Наум" и заштитените зони во езерото на кои е забранет риболов со закон.

## *II ПЕРИОД ЗА КОЈ СЕ ДОДЕЛУВАТ РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ЗА КОРИСТЕЊЕ*

Рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативните зони од риболовните подрачја „Вардар – горно течение", „Вардар – средно течение", „Вардар – долно течение", „Треска", „Црн Дрим", „Црна Река", "Брегалница", „Пчиња" и „Охридско Езеро" се доделуват на користење за период од 12 години.

## *III УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО*

Право на учество на Јавниот повик за доделување на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов може да се јават домашни и странски правни лица регистрирани за дејност рибарство или општа клаузула за бизнис, со регистрирана подружница во Република Северна Македонија за дејност рибарство, согласно со Законот за трговски друштва и согласно со Националната класификација на дејности и правни лица регистрирани согласно со Законот за здржениja и фондации, со доставување на понуда.

Странските правни лице кои учествуваат на Јавнио повик мора да има регистрирано подружница со дејност рибарство во Република Северна Македонија согласно со Законот за трговски друштва.

Право да доставуваат понуда имаат правните лица кои подигнале Тендерска документација.

Заинтересираните правни лица кои учествуваат на Јавниот повик треба да ги исполнуваат следниве услови:

1. да имаат вработено потребен број лица - рибочувари предвидени во риболовната

основа;

2. да поседуваат или користат простории за вршење на дејноста;
3. да поседуваат или користат најмалку едно моторно волило и/или пловен објект за вршење на контрола и надзор и
4. да поседува техничка опрема за вршење контрола и надзор.

Заинтересираните правни лица кои учествуваат на Јавниот повик кон понудата треба да достават и докази за утврдување на нивната способност содржани во Тендерската документација за одделно риболовно подрачје.

## *IV ПОЧЕТНА ВРЕДНОСТ НА НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ*

Почетната вредност на надоместокот за користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов од рекреативните зони од риболовните подрачја „Вардар – горно течение“, „Вардар – средно течение“, „Вардар – долно течение“, „Треска“, „Црн Дрим“, „Црна Река“, “Брегалница“, „Пчиња“ и „Охридско Езеро“ изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

## *V РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ*

Рок за поднесување на понудите е (30) триесет дена, сметано од денот на објавување на Јавниот повик во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а крајниот рок за поднесување на понудите е утврден во тендерските документации за доделување на рибите за организирање рекреативен риболов на одделното риболовно подрачје.

## *VI АДРЕСА НА КОЈА СЕ ДОСТАВУВААТ ПОНУДИТЕ*

Секој заинтересиран понудувач својата понуда ја доставува на следнава адреса:

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ул. „Аминта Трети“ бр.2,
1000 Скопје

Понудата се доставува преку пошта или со предавање во архивата на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, секој работен ден од 9:00 до 15:00 часот.

## *VII НАДОМЕСТОК ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА*

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 1.000,00 денари.

Уплатата на надоместокот треба да се изврши на следната сметка:

| | |
|---|---|
| Назив на примачот: | Министерство за финансии<br>Трезорска сметка |
| Банка на примачот: | НБРМ |
| Трансакциона сметка: | 100000000063095 |
| Износ: | 500 денари |
| Уплатна сметка: | 840 xxx 03161 |
| Приходна шифра и Програма: | 722313 00 |
| Цел на дознаката: | административна такса |

Тендерската документација се издава во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (ул. „Ленинова бр. 2, Скопје.

Сите заинтересирани понудувачи за учество на Јавниот повик треба да имаат подигнато тендерска документација од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во случај на доставување на повеќе понуди од еден ист понудувач за различни точки од делот I на овој јавен повик, понудувачот треба да има подигнато Тендерска документација за секоја точка поединечно.

При подигнување на Тендерската документација од архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство потребно е да се остават податоци за називот, седиштето, контакт телефон и e-mail адреса за субјектот за кој се подигнува Тендерската документација.

Сите трошоци кои се во врска со подготовката и поднесувањето на понудата се на товар на понудувачот.

## *VIII КРИТЕРИУМ СПОРЕД КОИ СЕ ВРШИ ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА*

Рибите и другите водни организми за организирање рекреаивен риболов ќе се доделат на користење на понудувачот што ќе ги исполни бараните условите од Јавниот повик и Тендерската документација за доделување на користење на рибите и другите водни организми од риболовните подрачја изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво и кој ќе понуди највисок процент како надоместок за користење на рибите и другите водни организми на електронската аукција.

Во случај кога по објавата на Јавниот повик за одредено подрачје само еден понудувач кој ги испонува условите дадени во Јавниот повик и Тендерската документација истиот се смета за најповолен понудувач.

## *IX НАЗИВ И АДРЕСА НА НАДЛЕЖИОТ ОРГАН ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ И КРАЈНИ РОКОВИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ЖАЛБИ*

Надлежен орган за решавање по жалби во постапката за доделување на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекрељтивен риболов на рекреативните

зони од риболовните подрачја е Државната комисија за одлучување во управа постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Понудувачите имаат право на жалба во рок од 15 дена од:

- пропишаниот рок за донесување на решението за избор на најповолна понуда поради молчење на управата во случај решението да не е донесено во пропишаниот рок и
- денот на приемот на решението за избор на најповолна понуда, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда,
- денот на приемот на решението за поништување на постапката во врска со причините за поништување на постапката.

Жалителот кој пропуштил да изјави жалба во однос на одредбите од алинеите 1 и 2 нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

## *X ЈАВНО ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИ*

Јавното отворање на понудите ќе се одржи во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (ул. „Ленинова" бр.2, Скопје,) а денот и времето ќе бидат определени во Тендерската документација за оделното риболовно подрачје.

Комисија за спроведување на постапки
за доделување на рибите и другите водни
организми за организирање рекреативен риболов